РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски " бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 17 точка з) и член 136 став (2) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр.13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/2010), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 26.12.2011 година донесе:

# ПРЕДУПРЕДУВАЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

I

СЕ ИЗВЕСТУВА Македонски Телеком АД Скопје, дека не постапува во согласност со член 5 став (4) точка д) од Правилникот за обезбедување на услуга за изнајмување на големо на претплатнички линии (Службен весник на Република Македонија број 145/2008) и потточка V.3.5 од точка V.3 Имплементација на Услугата За Изнајмување На Големо На Телефонска Линија, од одобрената Понуда за обезбедување на услуги за изнајмување на големо на телефонска линија, поради тоа што на ОНЕ Телекомуникациски услуги АД Скопје му обезбедува изнајмување на големо на претплатнички линии во рок подолг од 5 работни дена од денот на склучување на договорот за обезбедување на услуга за изнајмување на големо на претплатнички линии.

II

СЕ ПРЕДУПРЕДУВА Македонски Телеком АД Скопје дека доколку во рок од 30 дена од денот на приемот на ова предупредувачко известување не ја отстрани неправилноста утврдена во точка I од ова предупредувачко известување, директорот на Агенцијата за електронски комуникации ќе превземе мерки согласно член 136 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/2010).

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на записник број 16-4728 од 30.11.2011 година за извршен инспекциски надзор во Македонски Телеком АД Скопје од страна на инспектор за електронски комуникации на Агенцијата за електронски комуникации, а по барања за инспекциски надзор доставени од ОНЕ Телекомуникациски услиги ДОО Скопје од 14.11.2011 година и од 24.11.2011 година, како и врз основа на доставената

документација од страна на Македонски Телеком АД Скопје за реализација на 511 барања поднесени од ОНЕ Телекомуникациски услуги ДОО Скопје за изнајмување на големо на претплатнички линии утврдено е дека Македонски Телеком АД Скопје за поголем број од доставените барања не го почитува рокот од 5 работни дена за реализација на истите.

Со ова Македонски Телеком АД Скопје постапува во спротивност со член 5 став (4) точка д) од Правилникот за обезбедување на услуга за изнајмување на големо на претплатнички линии со кој е одредено дека рокот за обезбедување за изнајмување на големо на претплатнички линии кој се засметува од денот на склучување на договорот за обезбедување на услуга за изнајмување на големо на претплатнички линии не смее да биде подолг од 5 работни дена и со потточка V.3.5 од точка V.3 Имплементација на Услугата За Изнајмување На Големо На Телефонска Линија, од одобрената Понуда за обезбедување на услуги за изнајмување на големо на телефонска линија со која е одредено дека " Македонски Телеком АД ја обезбедува услугата за изнајмување на големо на телефонска линија за постоечка претплатничка линија во рок од 3 работни дена или за нова претплатничка линија во рок од 5 работни дена од денот на склучување на Договорот за обезбедување на услугата. "

Поради ова а постапувајќи во согласност со одредбите од член 136 став (2) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр.13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/2010), директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе предупредувачко известување како во диспозитивот.

Советник за работи од областа на правото

Лилјана Денковска

Одобрил Владимир Ристевски

Наш број 03-4728/4

Скопје 26.12.2011

Директор

Роберт Орданоски

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

| Примено: | 27-12-2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |